ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 19.06.2018 ГОДИНА 36

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 9 ДАТА 19.06.2018

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ
### Седница од 18.06.2018 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ГФК „ТИКВЕШ 1930„ Кавадарци: Филипов Г. Ване од ФК „Тиквеш 2014„ Кавадарци по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кавадарци фудбалерот Миланов М. Бојан од ФК „Росоман 83„ од с. Росоман поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО
### Седница од 15.06.2018 година

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„Тетово: Чешмиџиев В.Константин од ФК„Академија Пандев АД„ С Струмица и Сељадин М. Мустафи од ФК „Тетекс АД„ Тетово, по чл. 35/3.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Изаир Б. Емини склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2019 година.

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Саљадин М. Мустафи склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраедње од 1 (една) година и 6 (шест) месеци до Зимски преоден рок 2020 година.

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Арменд С. Алими склучија договор за вработување на фудбвалр за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Мевлан С. Мурати склучија договотр за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години до Летен преоден рок 2021 година.

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ од Тетово и фудбалерот Марјан Т. Ристески склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 5 (пет) години до Летен преоден рок 2023 година.

### Седница од 16.06.2018 година

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Бесмир К. Бојку склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2020 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Ремзифаик Е. Селмани од ФК „Ујпест 1885„ Будапешт од Р. Унгарија за ФК „Шкендија АД„ од Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 3 (три) години.

**Седница од 19.06.2018 година**

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Висар А. Муслиу од ФК „Приштина„ од Приштина, Р. Косово за ФК „Шкендија АД„ од Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраењ од 2 (две) години.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Шќиприм И. Таипи од ФК „Приштина„ Р. Косово за ФК „Шкендија АД„ од Тетово по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и негивот професионален договор во времетраење од 2 (две) години.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ**

**Седница одржана на ден 18.06.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерите: Да Луиз Јуниор А. Сергио, Красниќи К. Гезим, Рашо З. Момчило и Недељковиќ С. Јездимир од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Хамбарџумјан Ховханес од ФК „Вардар АД„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Мицевски П. Дарко од ФК „Ал – Неџмех„ од Либан, Нилдо Јуффо Виктор од ФК „Фламуртари Влоре„ од Р. Албанија за ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавуваат и нивните професионални договори, на Мицевски 1 година, на Нилдо Јуффо Виктор 2 години.

Не се објавуваат договорите на фудбалерите Новак Евгениј и Кларенс Ј. Битанг склучени со ФК „Вардар АД„ од Скопје во времетраење од по 2 години, поради некомплетна документација.

**ОПШТИНСККИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**

**Седница од 18.06.2018 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГЕНЧ КАЛЕМЛЕР СПОРТ„ с.Долна Бањица: Хаљиљи С.Семир, Хусеини С.Еннур, Адеми Ќ. Серхан, Адеми М. Арбин, Бечири Ш. Беќирага и Хусеини Ш. Аммар, по член 35/1.

- **Бришење од регистрер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, фудблерот Мемеди Х. Анис од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостиватр, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член , постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1227/1 од 15.05.2018 година против ФК Велазерими 77 од Кичево, поради слаба организација- необезбедување делегатска просторија, лоши услови во соблекувалните и притисок на судии во службените простории по завршување на натпреварот одигран на ден 12.05.2018 година во рамки на 26 коло Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД, врз основа на член 36 став 1 и член 85 став1 алинеа 8 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, поведе постапка на ден 17.05.2018 година, по што на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. ФК Велазерими 77 од Кичево АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок слаба организација - неизвршување на должности и обврски кои произлегуваат од правилникот и други прописи на фудбалската федерација од член 51 став 1 и член 85 став 1 и 6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот одигран во рамки на 36 коло Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Велазерими 77 од Кичево, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

### О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, бр. 15-1227/1 од 15.05.2018 година против ФК Велазерими 77 од Кичево, поради слаба организација- необезбедување делегатска просторија, лоши услови во соблекувалните и притисок на судии во службените простории по завршување на натпреварот одигран на ден 12.05.2018 година во рамки на 26 коло Втора МФЛ Запад помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД поведе дисциплинкса постапка на ден 17.05.2018 година.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 12.05.2018година во рамки на 26 коло од Втора МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу помеѓу екипите на ФК Велазерими 77 и КФГ Гостивар АД. На натпреварот клубот домаќин не обезбдил делегатска просторија, тоалетот и соблекувалните биле во лоша хигиенска состојба. По завршување на натпреварот пред просторијата каде што биле сместени судиите, службени лица на клубот вршеле пристисок, ги навредувале и им се заканувале на судиите. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека се направени прекршоци согласно одредбата од член 51 став 1 и член 85 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, по што изрече казна како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
ФК Велазерими 77 од Кичево
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ
Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0801-1228/3
31.05.2018 год.

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1228/1 од 15.05.2018 година против ФК Вардар АД Скопје, поради користење на пиротехника од страна на навивачката група на клубот на натпреварот одигран на ден 13.05.2018 година во рамки на 34 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола, врз основа на член 51 став 1 и 6, на поведе постапка на ден 17.05.2018 година, по што на 31.05.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. ФК Вардар АД Скопје **СЕ КАЗНУВА** со парична казна во висина од 500 (петсто) Евра, во денарска противвредност на денот на уплатата, поради сторен прекршок слаба организација –користење на пиротехнички средства од страна на публиката од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, на натпреварот одигран во рамки на 34 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола, врз основа на член 51 став 1 и 6 од ДП на ФФМ.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ФК Вардар АД Скопје, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од став 1, на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1228/1 од 15.05.2018 година против ФК Вардар АД Скопје, поради користење на пиротехника од страна на навивачката група на клубот на натпреварот одигран на ден 13.05.2018 година во рамки на 34 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола, врз основа на член 51 став 1 и 6, поведе постапка на ден 17.05.2018 година.

Комисијата врз основа на списите во предметот и тоа: Дисциплинска пријава, Записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, Изјава од клубот, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 13.05.2018 година во рамки на 34 коло од Прва МФЛ, одигран е натпреварот помеѓу помеѓу екипите на ФК Вардар АД Скопје и ФК Пелистер АД Битола. Во 82 минута од натпреварот на западната трибина, каде биле сместени навивачите на клубот домаќин, сега пријавениот запалиле повеќе факели со црвена боја, истите по брза реакција на редарската служба биле изгаснати и остранети. Дисциплинската комисија врз основа на вака утврдената фактичка состојба, оцени дека е направен прекршок согласно одредбата од член 51 став 1 и 6 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ.

Комисијата при одмерување на казната согласно член 3 од Дисциплинскиот правилник, ги зема во предвид сите олеснителни и отежителни околности што постојат

во конкретниот случај, и од причина што од направените прекршоци не настанале и не биле предизвикани штетни последици, по што изрече казна  како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач**
**Арбен Борова   с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави  жалба  до Комисијата за жалби  на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
ФК Вардар АД Скопје Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

Врз основа на член 116, а вв со член 122 и член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав: Арбен Борова- Претседавач, Мартин Саздов –член , Сашка Зердеска-член постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1250/1 од 17.05.2018 година против ФК Пелистер АД Битола, поради слаба организација-загрозена безбедност на службените лица, расистичко однесување на навивачите во тек на натпреварот упатени кон фудбалер на противничката екипа, занемарување на обврски, неспортско однесување на комесар за безбедност и неспорско навивање и употреба на слогани со навредлива содржина на национална основа на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 51 став 1,2 и 6, член 36, член 85 од ДП на ФФМ поведе постапка на 17.05.2018 година, по што на седницата одржана на ден 31.05.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. **На ФК Пелистер АД Битола,** поради сторен прекршок слаба организација од член 36 став 1 и 3 од ДП на ФФМ, на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, му се изрекува **парична казна во висина од 1500 Евра** во денарска противвредност на денот на уплатата, врс основа на член 38 став 1 алинеа 1, вв со член 3 став 1 и 6 од ДП на ФФМ.
2. СЕ ЗАДОЛЖУВА ФК Пелистер АД Битола, по правосилност на оваа одлука да изврши уплата на паричната казна од точка 1 на оваа одлука на жиро сметка на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје.

3. Одлуката да се објави во Макфудбал.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската Комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари, 15-1250/1 од 17.05.2018 година против ФК Пелистер АД Битола, поради слаба организација-загрозена безбедност на службените лица, расистичко однесување на навивачите во тек на натпреварот упатени кон фудбалер на противничката екипа, занемарување на обврски, неспортско однесување на комесар за безбедност и неспорско навивање и употреба на слогани со навредлива содржина на национална основа на натпреварот одигран на ден 16.05.2018 година во рамки на 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје, врз основа на член 51 став 1,2 и 6, член 36, член 85 од ДП на ФФМ поведе постапка на 17.05.2018 година.

Овластено лице на пријавениот клуб на ден 20.05.2018 година достави изјава во врска со пријавата во која наведува дека ФК Пелистер признава дека прекршокот опшан како расистичко однесување се случил и најостро го осудува и искрено се извинува на засегнатите лица. Со цел правилно и правично сакционирање на клубот и одмерување на видот и висината на казната по клубот за овој прекршок изјавуваат дека се работи за претходно смислен испад, на мала група на навивачи,. Клубот истакнуваат не располага со начини, и метод да спречи реализација на ваквата безобзирна, неспорстка и неморална постапка која е за секаква осуда а е јасно видливо дека е дирекнто и смислено насочена против клубот. Пријавениот во изјавата наведува дека настанот што се случил треба да

претставува аларм за сите. Имено наведуваат дека е скоро невозможно да се исконтролира ваквата ситуација, поради што секој присутен гледач станува потенцијална опасност а клубот не е во можност на постави редар на секој гледач како би внимавал на енговите постапки за време на целиот натпревар. Во изјавата е наведено дека клубот е решен заедно со ФФМ и државните надлежни институции да влезе во одлучна борба против вакавото девијанто однесување на поединци, кој де факто се проблем на фудбалските клубови, и за кои изјавуваат дека не им е местото на спортските терени. Во однос на пријавата во делот на слаба организација-загрозена безбедност на службените лица, клубот истакнува дека истите ги отфла бидејки натпреварот бил прогласен за натпревар од висок ризик, истиот бил обезбеден од доволен број припадници на Агенцијата за обезбедување која во текот на целиот натпревар била во координација со надлежниот СВР Битола. Во однос на извикувањето на слогани со навредлива содржина на насионална основа, клубот се оградува од таквото однесување на публиката и во таа насока се извинува на спортските пријатели од ФК Шкендија.

Дисциплинската комисија по разгледување на списите во предметот и тоа: Записник од натпреварот, Изјава од судијата, Изјава од пријавениот и делегатски извештај, ја утврди следната фактичка состојба: На ден 16.05.2018 година одигран е натпреварот од 35 коло од Прва МФЛ, помеѓу екипите на ФК Пелистер АД Битола и ФК Шкупи АД Скопје. Пријавениот имал ангажирано приватна Агенција за обезбедување на лица и имот Карпатија кои биле распоредени на влезовите на стадионот како и на трибинскиот простор. Во 30 та минута од натпревварот физиотерапевтот на пријавениот се приближил до главниот судија и на крајно неспортско и некоректен начин упатувал навреди и закани кон главниот судија на натпреварот, за што истиот бил исклучен од натпреварот. Потоа лекарот на домашната екипа влегол во теренот за игра и на крајно некоректен начин се обратил до главниот судија, барајки објаснување за исклучувањето на физиотерапевтот. Во 42 минута од натпреварот фудбалерот на ФК Шкупи Овоно Нчама Базилио Ндонг бил навредува на расна основа. Истиот играч бил мета на банани и шишиња со вода од страна на навивачите на клубот домаќин. Главниот судија на натпреварот побарал од делегатот преку разглас да се опомене публиката за да навива коректно. Ваквото барање на судијата и делегатот било игнорирано од страна на комесарот за безбедност на клубот домаќин. За време на натпреварот не била обезбедена табла за извршување на замени, со објаснување од страна на претставници на клубот дека истата е неисправна. По завршување на натпреварот при напуштање на теренот дел од публиката на стадионот фрлале тврди предмети према судиската четворка и делегатот на натпреварот, при што делегатот на натпреварот бил погоден со пластично шише.При влегување во службените простории исклучениот физиотерапевт повторно крајно неспорстски продолжил да се однесува према главниот судија.
Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, дисциплинската комисија утврди дека е сторен прекршок од член од член 36 став 1 и 3 од ДП на ФФМ. Комисијата ја ценеше изјавата на пријавениот во насока на тоа дека клубот нема механизми да се заштити од безобзирното, неспорстко и неморално однесување на навивачите, меѓутоа во конкретниот случај клубот можел, морал и ги имал сите механизми да влијае на однесувањето на своите претставници, тука вклучувајки ги физиотерапевтот, докторот и комесарот за безбедност. Во таа насока несфатливо е однесувањето на комесарот за безбедност и неговото одбивање да ја опомене публиката, во смисла на изјавата на клубот дека се оградува и истовремено најостро го осудува настанот од 42 минута од натпреварот и им се извинува на засегнатите лица. Во таа насока клубот во својата изјава истакнува дека се залага за превземање активности во насока на спречување на ваквите девијанти однесување, заедно со ФФМ и со МВР, а во ниту еден момент не го осудува

одбивањето на комесарот за безбедност да се опомене публиката која во моментот ги врши таквите девијантни однесување. Опомената преку разглас е еден од начините да се укаже на несоодветно однесување и тоа во конкретниот случај можело да биде првиот чекор на клубот во справување со публиката, меѓутоа реакцијата изостанала поради одбивање тоа да се стори од страна на Комесарот за безбедност на клубот, кој согласно своите надлежности е одговорен за безбедноста на натпреварот. Комисијата при одмерување на казната, ги имаше во предвид сите олеснителни и отежителни околности на настанот, како и фактот дека претходно клубот не е казнуван за расистичко однесување од страна на публиката, по што изрече дисциплинска мерка врз основа на член 38 став 1, вв со член 3 став 1 и 6 од ДП на ФФМ, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Фудбалска Федерација на Македонија**
**Дисциплинска Комисија**
**Претседавач,**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**

**ДН:**

ФК Пелистер АД Битола
Оддел за натпреварување на ФФМ
Судиски оддел
Комисија за безбедност на ФФМ
Архива на ФФМ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**